Neni 3

Përgatitjet për fillimin e punës së Universitetit, do t'i kryejë komisioni amë.

Anëtarët e komisionit amë do t'i emërojë Qeveria e Republikës së Maqedonisë, me propozimin e ministrit kompetent për punët e arsimit sipëror.

Universiteti do të fillojë me punë menjëherë, pas përfundimit të procedurës së udhëhequr nga ana e komisionit amë.

Neni 4

Mjetet për financimin e veprimtarisë së Universitetit, do të sigurohen nga Buxheti i Republikës së Maqedonisë dhe nga burimet e tjera të përcaktuara me ligj.

Neni 5

Instituti për kulturat bujqësore të jugut në Strumicë, do të bashkohet me Universitetin Shtetëror "Goce Dellçev" në Shtip, në pajtim me Ligjin për arsimin sipëror.

Neni 6

Ky ligj hyn në fuqi në ditën e tetë, nga dita e botimit në "Gazetën zyrtare të Republikës së Maqedonisë".

---

## ВЛАДА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

**557.**

Врз основа на член 257 од Царинскиот закон („Службен весник на Република Македонија“ бр. 39/05), Владата на Република Македонија, на седницата одржана на 27.03.2007 година, донесе

### У Р Е Д Б А
### ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА УРЕДБАТА ЗА СПРОВЕДУВАЊЕ НА ЦАРИНСКИОТ ЗАКОН

Член 1

Во Уредбата за спроведување на Царинскиот закон („Службен весник на Република Македонија“ бр. 66/05) членот 449 се менува и гласи:

„(1) Висината на износот на општата гаранција мора да го обезбедува плаќањето на износот на долгот кој настанал или кој би можел да настане во целост.

(2) По исклучок на став (1) од овој член, во случаи на долг кој би можел да настане при пуштање на стока во постапка на царинско складирање или на увоз за облагородување со системот на одложено плаќање, царинскиот орган може да одобри висина на општата гаранција на износ кој не надминува 50% од висината на долгот кој би можел да настане доколку подносителот на барањето:

а) не е царински должник за настанат вкупен долг во период од една година во висина која надминува 10.000 евра во денарска противвредност, поради:

- пуштање на стока во слободен промет или ставање на стока во постапка на привремен увоз со делумно ослободување од увозни давачки како резултат на доставување на неточни податоци или недоставување на потребни податоци во смисла на член 216 од Царинскиот закон или

- настанување на царински долг согласно членовите 217, 218 или 219 од Царинскиот закон;

б) не му е изречена прекршочна санкција во висина која надминува 10.000 евра во денарска противвредност со правосилна и завршна пресуда за сторен царински прекршок или прекршоци, ниту има сторено кривични дела од областа на царинското работење;

в) во текот на една година нема поднесено царински декларации врз основа на кои има дополнителна пресметка на долг или царински прекршоци чиј број надминува 2 проценти од вкупниот број на декларации.

(3) При одлучувањето за висината на износот на општата гаранција во согласност со став (2) на овој член Централната управа на Царинската управа ќе цени дали царинскиот должник:

- е доверлив и финансиски стабилен;

- уредно ги исполнува обврските;

- ги води сите пропишани евиденции кои даваат можност за непречена контрола.

(4) Висината на општата гаранција не може да биде помала од 10.000 евра во денарска противвредност.“

Член 2

Оваа уредба влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“.

Бр. 19-1756/1<br>27 март 2007 година<br>Скопје

Заменик на претседателот<br>на Владата на Република<br>Македонија,<br>м-р **Зоран Ставрески,** с.р.

---

**558.**

Врз основа на член 36, став 3 од Законот за Владата на Република Македонија („Службен весник на Република Македонија“ бр. 59/00, 12/03, 55/05 и 37/06) и член 91 од Законот за користење и располагање со стварите на државните органи („Службен весник на Република Македонија“ бр. 8/05), Владата на Република Македонија, на седницата одржана на 27.03.2007 година, донесе

### О Д Л У К А
### ЗА УТВРДУВАЊЕ НА ПРАВОТО НА СОПСТВЕНОСТ НА ОБЈЕКТОТ НА СОБРАНИЕТО НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Член 1

Со оваа одлука Владата на Република Македонија утврдува дека недвижниот објект кој се наоѓа на КП 13474 КО Центар 1, во кој е сместено Собранието на Република Македонија е сопственост на Република Македонија.

Член 2

Врз основа на оваа одлука Државниот завод за геодетски работи по службена должност ќе го запише правото на сопственост на објектот од член 1 на оваа одлука во Евидентната книга на име на Република Македонија.

Член 3

Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен весник на Република Македонија“.

Бр. 19-1725/1<br>27 март 2007 година<br>Скопје

Претседател на Владата<br>на Република Македонија,<br>м-р **Никола Груевски,** с.р.

---

**559.**

Врз основа на член 29 став 1 од Законот користење и располагање со стварите на државните органи („Службен весник на Република Македонија“ бр. 8/05), Владата на Република Македонија, на седницата одржана на 27.03.2007 година, донесе

### О Д Л У К А
### ЗА ПРОДАЖБА НА НЕДВИЖНИ СТВАРИ

Член 1

Да се изврши продажба на недвижни ствари сопственост на Република Македонија – корисник Министерство за финансии, што се наоѓа во Берово, на КП 1222/1 ул. „Кеј ЈНА“, запишана врз основа на правосилно решение на Државниот завод за геодетски работи – Одделение за премер и катастар Берово Уп.бр. 07-1204/1 од 15.03.2007 година во Имотен лист за КО Берово број 20 од 19.03.2007 година, ХОТЕЛ со вкупна корисна површина од 2.257 м2, означен како: